Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-410 /3

14-10-2025 година

Постапувајќи по претставката бр.08-410/1 од 06.05.2025 година, поднесена од лицето ----------- од Скопје, против ----------- за сторена дискриминација во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), го донесе следното:

**МИСЛЕЊЕ**

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА од ----------- врз лицето ----------- во областа на работата и работните односи.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На ден 06.05.2025 година лицето ----------- од Скопје, вработен во ----------- поднесе претставка бр.08-410/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Во претставката, подносителот наведува дека врз основа на Наредба за поставување „доверливо„ бр. ----------- од ----------- од ----------- поставен е на должност во ----------- кој не е соодветен на неговиот ------- согласно член 26, точка 9 од Законот -----------. Како дополнителен основ за дискриминација по основ личен и општествен статус го наведува фактот што неговите лични квалификации и компетенции, образование кариера ( претходни должности на раководно рамниште во -----------) се значително повисоки од сегашната должност на која е поставен. Заради наведеното смета дека со оглед на неговата стручност, вештини, компетенции, квалификации поставувањето на должност за кои се потребни пониски квалификации преставува дискриминација и нарушување на МЕРИТ системот, како и хиерархијата во -----------.

----------- врз основа на барање бр. 08-410/2 од 13.05.2025 година на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, се изјасни по наводите од претставката со одговор бр. ----------- од 02.07.2025 година. Во одговорот на претставката се наведува дека во конкретниот случај нема повреда на правата на подносителот и дека не постои облик на дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација. Според наводите, подносителот на претставката е со статус на ------------ и за истиот важат правата и одредбите предвидени во Законот -----------. Исто така, и во член 4 став 1 алинеја 2 од Законот ----------- е предвидено дека одредбите од овој


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

закон важат за сите категории вработени во ----------- со исклучок на -----------, упатен или поставен на должност во ----------- за кои важат одредбите од Законот -----------. Затоа сметаат дека повикувањето на Законот ----------- е безпредметно. Истовремено, известуваат дека во ----------- согласно новата законска регулатива и препораките за реорганизација согласно -----------, донесен е нов Правилник за систематизација на работни места како и Правилник за внатрешна организација. Според наводите поставувањето на должност на подносителот на претставката е извршено согласно потребите на службата во -----------, должностите, квалификациите и искуството на персоналот.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Директна дискриминација, согласно член 8 став 1 од Законот, постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Комисијата ценејќи ги подеднакво изнесените факти и околности во претставката и наводите во изјаснувањето на -----------, заедно со прилозите кон истите, утврди дека врз подносителот не е сторена директна дискриминација.

Имено, за да постои дискриминација во согласност со член 6 и член 8 став 1 и во врска со член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, потребно е да бидат исполнети одредени услови, односно постоење на дискриминаторски основ, релевантна споредлива ситуација и повреда на право. Согласно наведеното, Комисијата не утврди постоење на релевантен дискриминаторски основ. Ова од причини што во конкретниот случај не се утврдија факти од кои произлегува дека поставувањето на подносителот на должност во ----------- е причинско-последично поврзан со одреден дискриминаторски основ, односно некоја лична карактеристика. Дотолку што подносителот во претставката не го сторува веројатно тврдењето дека е дискриминиран поради наведениот основ лично својство и општествен статус, односно не го поткрепува со аргументи со кои би се потврдило сомневањето дека токму неговото поставување на должност во ----------- е повреда на права од работа и работен однос согласно Законот -----------, кој со оглед на неговиот статус на ----------- е ирелевантен и за истиот важат правата и одредбите предвидени во Законот -----------.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Заменик Претседател,
Флора Кадриу

*Доставено до:*

1. *Подносителот*
2. ------------
3. *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk